# ИЗЈАВА ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДА

Водата е од витално значење за човекот и за развојот на заедницата. *Водата, исто така, е примарна состојка во нашите производи, клучен сегмент во производствениот процес, како и неопходен фактор за одгледување на земјоделските култури кои ги употребуваме како наши состојки.*

*Осигурувањето на доволни количества на безбедна вода со добар квалитет, како и достапност до чиста вода и санитација, се есенцијални услови за здравје на луѓето и екосистемите и се од витално значење за одржливи заедници и поддршка на економскиот раст.*

*Климатските промени и прекумерната употреба на водата може да имаат значајно влијание врз достапноста на вода во речните сливови. Пивара Скопје АД верува дека индустријата има клучна улога во изнаоѓање на решенија за одржливи водотеци, заедно со локалната заедница, националните и локалните регулативи, како и со меѓународните организации.*

Во согласност со нашата политика за заштита на животната средина, апликативните законски и корпоративни барања, ISO 14001 *и ISO 46001,* Пивара Скопје АД се *залага за позитивно влијание врз општеството и заедницата преку:*

- *Следење на водната стапка на компаниските активности, со континуирано намалување на количеството на употребена вода и оптимизација на побарувачката за вода;*
- *Заложување на сите нивоа и функции во компанијата за систематски пристап и континуирано подобрување, стремејќи се кон поголема ефикасност во искориствувањето на вода;*
- Осигурување дека нашите отпадните води целосно се третираат до ниво кое е одржливо за водниот свет;
- *Инвестирање во едукација, волонтерство и проекти кои се однесуваат за заедницата, со цел да се намали загадување на езерата и реките со отпад од пакување*
- *Проценување на идната достапност на вода за релевантните речни сливови, како и елиминирање или ублажување на ризиците* врз *животната и социјалната средина поврзани со употребата на вода.*
- *Осигурување на континуиран пристап до свежа вода за пиење во локалната заедница и подобрување на достапноста на вода за оваа или за други неопходни и значајни намени.*
- *Работење со добавувачите за да ја разберат водната стапка на нашите* земјоделски производи *и други суровини, како и промовирање и помагање во имплементација на ефикасни решенија за управување со вода во нивниот опсег на работа.*
- *Поврзување со заедницата и други* заинтересирани страни *и покренување на* иницијативи за зголемување на свеста за *мерките за* заштита на водните ресурси.
- *Воспоставување на партнерства за управување со водни ресурси, со локални и меѓународни организации, вклучувајќи ги и невладините организации и другите компании од интерес.*
- *Разменување на неконкурентни пракси и промовирање на тековен преглед и развој на политики за управување со водни ресурси*
- Прецизно и транспарентно *известување* за нашите активности и остварувања.

01.11.2024

Горан Стојковски
SC директор
Пивара Скопје АД

G. Стојковски